36797

Вечер, Скопје, 11 IV 1989, 7992, 13

**Нов тв филм во продукција на ТВ Скопје**

# »Пикасо« за малиот екран

**● СЦЕНАРИОТО, МУЗИКАТА И РЕЖИЈАТА НА ОВАА СОВРЕМЕНА ДРАМА ЗА МЛАДИТЕ Е НА АЛЈОША СИМЈАНОВСКИ, А ВО ГЛАВНИТЕ УЛОГИ НАСТАПУВААТ ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ, НАТАША ВЛАХОВИЌ, ВЛАДИМИР ЕНДРОВСКИ И БРАНКО ЃОРЧЕВ**

Си спомнувате ли на грабежот на Пикасовата слика што пред повеќе од 15 години се случи во Музејот за современа уметност во Скопје? Беше тоа голем културен скандал, од кој „Аљоша Симјановски ја „украде" идејата за својот телевизиски филм „Пикасо". Меѓутоа, во овој нов проект на скопското студио грабежот на сликата на Пикасо е само дел на телевизискиот мозаик, чија приоритетна цел е да се проговори за денешната генерација млади.

**— Мојот тв филм би го формулирал како бек-граунд обид да се претставaт светот и живеењето на една генерација, чиј однос е налик на Пикасовите платна — апстракност. Ликовите живеат во една урбана средина, што не им пружа подеднакви шанси на сите. Парите се основниот критериум на вредностите, па така најлошите живеат како „грофови", а другите пропаѓаат секојдневно, вели сценаристот и режисер на „Пикасо" Аљоша Симјановски.**

Според она што можеме да го прочитаме од сценариото овој тв филм пред се наликува на љубовна драма. Главната личност е младиот Огне, пропаднат студент, кој иако е добро материјално ситуиран (татко му работи во странство) е тотално емотивно дезориентиран. Неговата љубовна врска со Ана пропаѓа, па Огне во знак на одмазда ќе ја украде сликата на Пикасо од музејот, ќе ја запали пред својата девојка и ќе замине в затвор...



АЉОША СИМЈАНОВСКИ ЗА ВРЕМЕ НА СНИМАЊЕТО НА „ПИКАСО"

**— Она од што во драмата сум најмногу задоволен е артистичката игра, вели Симјановски. Целиот товар е на една генерација млади артисти, кои извонредно комуницираат и со текстот и со камерата, па затоа нивната игра ја оценувам како извонредна. Тоа се однесува пред сè за Петар Георгиевски, Наташа Влаховиќ (студент по глума од Белград) Владимир Ендровски и Бранко Ѓорчев, додека во улогите на нивните постари партнери ќе ги видиме Снежана Стамеска, Снежана Михајловиќ и Благоја Чоревски.**

„Пикасо", како нов проект на играната програма на ТВС доаѓа по подолга пауза, деновиве е целосно завршен, па неговата премиера ќе ја проследиме наскоро.

М. А. Христовска